# ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МЕТОДОТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНО РАЗДВОЈУВАЊЕ

Правна основа за спроведување на постапка за издавање на одобрение за користење на методот на сметководствено раздвојување се:

- член 7 и член 26 од Царинскиот закон и
- одредбите на Протоколите за потекло кон Спогодбите/Договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со земјите членки на Европската унија, ЕФТА, ЦЕФТА, Турција и Обединетото Кралство на Велика Британија и Сверна Ирска.

**Барање за издавање на одобрение за користење на методот на сметководствено раздвојување**

Барање за издавање на ново одобрение за користење на методот на сметководствено раздвојување е пропишан образец и даден во прилог.

Потребни документи кон барањето:

- финансиски извештај од кој се гледа дека трошоците поради користењето на физичкото одвојување на материјалите со потекло и материјалите без потекло се неоправдано големи во однос на случај кога не се користи физичкото одвојување[1];
- доказ дека материјалите со потекло и материјалите без потекло се од ист вид и комерцијален квалитет и поседуваат исти технички и физички карактеристики, а финалниот производ не се разликува еден од друг, без оглед на тоа дали се употребени материјали со или без потекло;
- доказ дека со користењето на методот сметководствено раздвојување не се добиваат поголем број на производи со потекло од оние кои би се добиле доколку употребените материјали би биле физички раздвоени;
- список на материјали кои ќе се употребуваат во производството и за кои се бара сметководствено раздвојување, како и на добиени производи (со тарифен број на ниво од четири цифри и краток, јасен, целосен и недвосмислен трговски назив на стоката);
- список на држави за кои ќе се изготвува доказ за преференцијално потекло;
- временскиот период за кој се бара користење на методот сметководствено раздвојување (не подолг од 12 месеци), односно временскиот период во кој бројот на добиени

[1] Финансиски извештај се поднесува само во случај кога се применуваат и докажуваат преференцијалните правила пропишани согласно Додаток 1 од Регионалната конвенција за пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло која што е објавена и достапна на интернет страната на Царинската управа www. customs.gov.mk во делот „Бизнис заедница – Тарифа, вредност и потекло – Потекло на стока”.

производи со потекло е еднаков со оној кој би се добил доколку материјалите со потекло и без потекло би биле физички одвоени;

- изјава за преземање на целосна одговорност за:
  - правилно користење на одобрението,
  - последиците од погрешно изготвен доказ за потекло (вклучувајќи и изјава од добавувач), или
  - други злоупотреби на одобрението,
- изјава дека во било кое време, на барање на царинскиот орган, ќе ги стави на увид сите потребни документи, евиденции и деловни книги за определен временски период.

Кон барањето се приложува административна такса од 550 денари со следните податоци:
Цел на дознака: административна такса,
Назив на примач: Трезорска сметка,
Трансакциска сметка: 100000000063095,
Уплатна сметка 840 xxx 03161.

### Изменување и дополнување на Одобрението

Изменување и дополнување на Одобрението се врши доколку се промени фактичката и правната состојба врз основа на кои е донесено, а особено во случај на:

- измени на одредбите од Протоколите за потекло како составен дел на Спогодбите/Договорите за слободна трговија[2] кои имаат влијание на донесеното Одобрение;
- промени на материјалите и податоците за материјалите кои се употребуваат во производството а за кои е издадено одобрението како и промени кај добиените финални производи (на пример: измена на тарифните броеви или промена на трговското име на стоката, проширување на списокот со стоки кои со тарифни броеви и трговско име не се наведени во списокот);
- промена на државите во кои се извезува стоката;
- промена на локација на производството и складирање на материјалите и финалните производи;
- промена на датумот за утврдување на потеклото;
- промени во однос на временскиот период за кој се бара користење на методот сметководствено раздвојување;
- статусна промена на imателот на одобрението (на пример, промена на името). Ако имателот на одобрението заради статусна промена станува ново правно лице со нов даночен број, во овој случај се поднесува ново барање за ново одобрение;

[2] Протоколите за потекло како составен дел на Договорите за слободна трговија со сите измени и дополнувања се објавени на интернет страната на ЦУ во делот „Бизнис заедница – Тарифа, вредност и потекло – Потекло на стока".

- промени на податоците на имателот на одобрението (на пример: промена на името-називот, адресата на седиштето и сл.), а кои не претставуваат статусна промена која доведува до формирање на ново правно лице со нов даночен број, во кој случај треба да се поднесе ново барање за ново одобрение.
- стечај или ликвидација.

Барањето за измена или дополнување се поднесува во слободна форма со наведување на податоци за првобитното барање и податоци за конкретни промени кои е потребно да се извршат во првобитното барање и во прилог се доставуваат соодветните документи за промената.
Кон барањето се приложува административна такса од 550 денари со следните податоци:
Цел на дознака: административна такса,
Назив на примач: Трезорска сметка,
Трансакциска сметка: 100000000063095,
Уплатна сметка 840 xxx 03161.

Одземање (укинување) на Одобрението

Одлука за одземање (укинување) на одобрението се донесува во случај на утврдени факти и изведени докази дека одобрениот извозник:

- не ги почитува одредбите од Протоколите за потекло кон Спогодбите/Договорите за слободна трговија,
- го злоупотреба или неправилно го користи Одобрението,
- повеќе не ги исполнува условите и/или критериумите врз основа на кое е издадено Одобрението.